Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 3 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 9 октомври 2019 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЛИЦЕНЦИ

## Член 1

Во Правилник за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19 и 54/19) во член 7 став (2) по точката 2) се додава нова точка:

"2а) Овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации, од Прилог 7 од овој Правилник,"

## Член 2

Во член 45 став (5) зборот "три" се заменува со зборот "неколку".

## Член 3

Во член 47 став (5) зборот "три" се заменува со зборот "неколку".

## Член 4

(1) Во Прилог 1 Техничка и дополнителна документација, во точка 1. Пренос на електрична енергија, во точка 3. Дистрибуција на електрична енергија, во точка 4. Пренос на природен гас и во точка 6. Дистрибуција на природен гас, по алинеја 1) се додава алинеја:

"1а) за нови системи или нови делови од системот одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед и ставање во употреба, согласно закон,"

(2) Во точка 8. Дистрибуција на топлинска енергија, алинеја 3) се менува и гласи:

"3) за нови системи или нови делови од системот одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед и ставање во употреба, согласно закон,"

(3) Во точка 12. Лиценца за пробна работа за Производство на електрична енергија/ Регулирано производство на топлинска енергија/ Производство на топлинска енергија/ Комбинирано произвотство на електрична и топлинска енергија, алинеја 3) се брише.

## Член 5

(1) Во Прилог 2 Обрасци, во Образец БЛ 1 точка 6. Потребна документација, се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

☐ за нови системи или нови делови од системот одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед и ставање во употреба, согласно закон,

(2) Во Образец БЛ 2 точка 6. Потребна документација, се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

(3) Во Образец БЛ 3 и во Образец БЛ 4 точка 6. Потребна документација, се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

☐ за нови системи или нови делови од системот одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед и ставање во употреба, согласно закон,

(4) Во Образец БЛ 5 точка 6. Потребна документација, се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

(5) Во Образец БЛ 6 точка 6. Потребна документација, се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

☐ за нови системи или нови делови од системот одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед и ставање во употреба, согласно закон,

(6) Во Образец БЛ 7.1 и во Образец БЛ 7.3 точка 7. Потребна документација, се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

(7) Во Образец БЛ 8 точка 6. Потребна документација, се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

и "☐ одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед и ставање во употреба, согласно закон," се менува со:

☐ за нови системи или нови делови од системот одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед и ставање во употреба, согласно закон,

(8) Во Образец БЛ 9, Образец БЛ 10.1, Образец БЛ 10.3, Образец БЛ 11.1 и Образец БЛ 11.3, точка 6. Потребна документација се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

(9) Во Образец БЛ 12, точка 1.2 Потребна документација, се брише:

☐ договори со операторите на соодветните енергетски системи за приклучување на енергетскиот објект, како и за начинот на приклучок и работа за времетраење на лиценцата за пробна работа.

(10) Во Образец БЛ 13, Образец БЛ 14, Образец БЛ 15, Образец БЛ 16, Образец БЛ 17, Образец БЛ 18, Образец БЛ 19, Образец БЛ 20 и Образец БЛ 21 точка 6. Потребна документација, во Образец БЛ 23 точка 7. Потрбна документација, во Образец БУР 1, Образец БУР 2, Образец БУР 3 и Образец БУР 4 точка 6. Потребна документација се додава:

☐ овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации

**Член 6**

(1) Прилог 7 од член 1 од овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за лиценци, е составен дел на Правилникот за лиценци.

(2) Регулаторната комисија за енергетика на својата веб страница ќе ги објави Обрасците изменети согласно овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за лиценци, најдоцна во рок од три дена од денот на влегување во сила на овој Правилник.

(3) Овој Правилник влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 01-3193/1**
**9 октомври 2019 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Скопје** **Марко Бислимоски**

**ПРИЛОГ 7 – Овластување за доставување на податоци и изјава за веродостојност на доставените податоци и информации**

## ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Правното лице____________________________________________________________

_______________________________________________________________________,

барател на лиценца за вршење на енергетска дејност_______________________________

_______________________________________________________________________,

го овластува____________________________________________________________,

на работна позиција______________________________________________________,

со електронска пошта_____________________________________________________

и контакт телефон________________________________________________________,

како лице кое ќе биде задолжено да доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија, како и за комуникација со Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**Датум:** __________

**Место:**___________

**Назив на правното лице**

___________________________

**Управител**

__________________________

**М.П.**

**ИЗЈАВА ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА ДОСТАВЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ**

Јас__________________________________________________, како овластено лице задолжено за доставување на податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија, како и за комуникација со Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на правното лице ___________________________________________________________________

____________________________________________________________________________,

барател на лиценца за вршење на енергетска дејност_________________________________

____________________________________________________________________________

изјавувам под кривична, материјална, и морална одговорност дека податоците и информациите што ќе ги доставувам до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија утврдени со правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија, ќе бидат точни и веродостојни и во целост ќе одговараат на фактичката состојба.

**Датум:** __________

**Место:**___________

**Име и презим на овластено лице**

___________________________

**Потпис на овластено лице**

___________________________

**М.П.**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 3 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија изработи Правилник за менување и дополнување на Правилникот за лиценци.

Со овој Правилник за менување и дополнување на Правилникот за лиценци се врши:

- усогласување на потребната документацијата што се доставува кај енергетските дејности што се однесуваат на пренос и дистрибуција,
- корекција на документацијата кај лиценцата за пробна работа,
- дополнување на документацијата со овластување за доставување на податоци согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, при примената на Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 51/19 и 54/19) утврди потреба од усогласување и дополнување на документацијата што се поднесува во постапките за издавање на лиценци и пристапи кон менување и дополнување на Правилникот за лиценци.

Регулаторната комисија за енергетика на седницата одржана на ден 9 октомври 2019 година донесе Правилник за менување и дополнување на Правилникот за лиценци.